HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ЈУЛИ

2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Фундаменталните човекови права на прво место: Активен придонес за владеење на правото

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Содржината на овој продукт е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

01

вовед

02

говор на омраза

03

дела од омраза

04

родово базирано насилство и семејно насилство

05

затворени институции

06

бесплатна правна помош

# ВОВЕД

Јули го одбележаа повеќе реакции на граѓанските организации и платформи. На почетокот на јули, Блупринт групата за реформи во правосудството изрази сериозна загриженост за начинот на кој Судскиот совет на Република Северна Македонија (ССРСМ) го спроведе изборот на в.д. претседател на Основниот кривичен суд Скопје на јавната седница одржана на 3 јули 2025 година.
Имено, на седницата беа избрани повеќе в.д. претседатели на основни судови поради истекување или престанување на мандатот на досегашните претседатели, но немаше конзистентност во начинот и постапката на избор на новите в.д. претседатели. Блупринт групата потенцираше дека почитувањето на законите и постапките што се предвидени согласно законските регулативи треба да бидат единствен императив и стандард преку кој се гарантираат независноста и самостојноста на судиите.

Блупринт групата за реформи во правосудството реагираше и поради назначувањето на посебниот советник на министерот за правда, Андреја Весов, за член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители.

# ВОВЕД

Според членот 19 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, како член на Програмскиот совет може да биде избран „раководен државен службеник од Министерството за правда со најмалку осум години работен стаж на работи од областа на правосудството, по положен правосуден испит“.

Оттаму, според јавно достапните информации, членот на Програмскиот совет, кој е назначен, е вработен како посебен советник на министерот за правда, позиција што не се квалификува како раководен државен службеник согласно Законот за административни службеници, туку како ангажман на определено време според Законот за вработените во јавниот сектор. Дополнително, неговата поврзаност со одредена политичка партија и кандидатура за пратеник на последните парламентарни избори сериозно ја нарушува перцепцијата за независност и непристрасност на Академијата.

Мрежата за заштита од дискриминација по повод Предлог-законот за верски училишта реагираше дека тој е противуставен, правно неусогласен и опасен обид за поткопување на секуларниот карактер на државата.

# ВОВЕД

Мрежата побара итно повлекување на Предлог-законот и повика Владата да се придржува до уставниот принцип на секуларност, бидејќи усвојувањето ваков закон претставува сериозно отстапување од демократските и граѓански вредности и директна закана за правата на учениците и за интегритетот на образовниот систем. Веднаш потоа Мрежата за заштита од дискриминација изрази остра реакција по повод изјавите на Претседателот на Владата, Христијан Мицковски, дека се разгледува можноста за воведување дополнителни даноци за неженети и немажени лица. Мрежата предупреди дека ваквите даноци би биле закана за основните човекови права и принципите на еднаквост и слобода. Ваквата идна мерка не само што би била ретроградна, туку и дискриминаторска, бидејќи ги крши човековите права, односно правото на избор, правото на приватен и семеен живот и правото на планирање семејство, животен стил, семејна состојба и иднина.

На 7 јули, Хелсиншкиот комитет за човекови права апелираше до Министерството за здравство да се воздржи од наметнување неформални ограничувања врз работата на медиумите и ги охрабри новинарите да продолжат да известуваат професионално, етички и со чувствителност кон жртвите од трагедијата во Кочани,

# ВОВЕД

но со јасно чувство за одговорност кон јавниот интерес, бидејќи секој обид за ограничување на тие принципи претставува закана за правата и слободите на сите граѓани.

Хелсиншкиот комитет за човекови права најостро го осуди физичкиот и вербалниот напад врз градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска, кој се случи на 11 јули, за време на службен увид во нелегален градежен објект.
По повод овој случај, Хелсиншкиот комитет побара итна и независна истрага за случајот, одговорност за полициските службеници што не постапиле соодветно на местото на настанот, кривични пријави против сторителите и соодветна постапка против нив, обезбедување ефективна и итна заштита за градоначалничката и другите службени лица што биле нападнати, осуда на нападот од страна на сите политички и општествени чинители.

Хелсиншкиот комитет оцени дека непостапувањето на институциите во случаи на очигледно насилство не само што ја охрабрува културата на неказнивост, туку директно го загрозува владеењето на правото и демократијата.

# ВОВЕД

„Со ваквата измена се укинува единствениот член што експлицитно упатува на еднаквост и инклузивност во полициската структура, што не само што е спротивно на националното законодавство и на обврските преземени со Истанбулската конвенција и други меѓународни конвенции, туку праќа и опасна порака дека родовата еднаквост и инклузивноста се ирелевантни во изградбата на безбедносните институции“, пишува во реакцијата. Платформата за родова еднаквост побара итно повлекување на измената со која се укинува членот 96 и јасна заложба од институциите дека правото на еднаквост и родова застапеност останува неповредливо загарантирано и задолжително во секој дел од системот, особено во полицијата.

Хелсиншкиот комитет за човекови права и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) поднесоа тужба од јавен интерес до надлежниот суд против Владата на Република Северна Македонија и Министерството за здравство поради системска и продолжена дискриминација врз индивидуалните земјоделки, осигуренички во системот на задолжително здравствено осигурување.

# ВОВЕД

Случајот се однесува на правната празнина со која се исклучуваат индивидуалните земјоделки од правото на платено породилно отсуство и боледување и покрај тоа што редовно плаќаат здравствено и социјално осигурување. Со ова, земјоделките се ставаат во нееднаква положба во споредба со останатите осигуреници, што претставува интерсекциска дискриминација по основ на пол, род, личен статус и припадност на маргинализирана група.

Хелсиншкиот комитет за човекови права јавно ја осуди одлуката на Собранието за неизгласување на Резолуцијата со која се бара Израел да овозможи влез на храна и медицински средства за цивилите во Газа. Оваа одлука ја позиционира Република Северна Македонија на страната на оние што ги кршат човековите права на најбрутален начин. Наместо да се дејствува и да се одлучува со цел да се намали страдањето на преживеаните во Газа, нашите пратеници со оваа одлука придонесоа за продолжување на тоа страдање, односно системско истребување во моментот со изгладнување на популација од два милиони цивили, меѓу кои новороденчиња и деца.

# ВОВЕД

Блупринт групата за реформи во правосудството реагираше за предлогот за измена на Законот за полиција, со кој се укинуваат критериумите што предвидуваат директорот на Бирото за јавна безбедност да има образование од областа на безбедноста, правото, одбраната или економијата. Наместо досегашниот критериум, со предложените измени се овозможува лицето да има завршено какво било високо образование од областа на општествените науки. Со ваквиот пристап и укинување на критериумите за образование и стручност се отвора простор за политички назначувања без соодветни квалификации, се девалвира знаењето како предуслов за водење институции и се поткопува довербата на граѓаните во институциите и нивната легитимност.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈУЛИ 2025

Во текот на јули 2025 година, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 26 случаи, од кои 14 (44 %) врз основа на етничка припадност, 5 случаи (16 %) врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и 5 случаи (16 %) врз основа на политичка припадност, кои содржат елементи на говор на омраза, поттикнување и повикување на дискриминација и вознемирување.

Во овој месец можеше да се почувствува предизборната атмосфера во која се зголемуваше меѓуетничката тензија, а забележан беше и навредувачки и омаловажувачки говор помеѓу двете најголеми еднички заедници. Но, како резултат на некои политики што ги негираат правата на ЛГБТИ заедницата, видливи беа и омаловажувањата кон оваа маргинализирана заедница.

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ЈУНИ 2025




*На платформата се регистрирани 26 оригинални случаи на говор на омраза – кај дел од случаите се регистрирани повеќе од една заштитна карактеристика.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКА

**Заклучок**

**Податоците за јули 2025 година укажуваат на зголемување на бројот на случаи на говор на омраза поврзани со етничка припадност, како и на одржување континуиран притисок врз ЛГБТИ заедницата. Ваквите појави ги рефлектираат поларизиранaта општествена клима и недоволната сензибилизација на јавноста за последиците од говорот на омраза**

**Препорака**

**Се препорачува засилување на институционалниот одговор преку поефикасно постапување по пријави и отчетност на надлежните органи. Неопходно е иницирање јавни кампањи за промовирање толеранција и почитување на различностите, особено меѓу младите.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈУЛИ 2025 ГОДИНА

Во текот на јули 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 3 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои за најголем дел, во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.), постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Имено, станува збор за 2 потенцијални инциденти врз основа на етничка припадност и еден инцидент врз основа на политичка припадност.
Според видот на насилството, еден инцидент содржи насилство, во еден случај станува збор за загрозување на сигурноста и во третиот – скврнавење симболи. Во еден случај, како жртви и како сторители се јавуваат малолетници. Една кривична пријава е поднесена поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“, затоа што, преку социјалната мрежа, пријавениот споделил видеозапис со кој поттикнувал омраза и нетрпеливост.

Потенцијалните инциденти се вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што, според другите индикатори, постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани. Меѓу овие пристрасни индикатори се: перцепција на жртвата/сведокот; коментирање на самото место; разлика помеѓу жртвата и сторителот на етничка основа; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; отсуство на други мотиви; и место и време.

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈУЛИ 2025 ГОДИНА

**Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време на, или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈУЛИ 2025 ГОДИНА

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

1. Шемата на настаните укажува на тоа дека пристрасните мотиви се претежно етнички, со разновидни форми (физичко насилство, загрозување на сигурноста, скврнавење симболи), а како жртви и како сторители се јавуваат малолетници.
2. Инцидентите се групираат околу „ризични контексти“ (училишта, мешани населби, автобуски линии/постојки, периоди по спортски натпревари), а присутна е и онлајн димензија што ескалира во говор на омраза и поттикнување нетрпеливост.

**Препораки**

- -Создавање партнерства со Министерството за образование и наука, училишта и ЈСП, дежурни наставници/обезбедување по завршување на наставата, едукации за спречување омраза, јасни протоколи за пријавување и брза реакција, со акцент на работата со малолетници.
- -Систематско следење, упатства за платформите и јавноста за пријавување, правна поддршка за жртвите, координација со МВР/ЈО за доследна примена на делото „ширење расистички и ксенофобичен материјал“.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈУЛИ 2025 ГОДИНА

**1. Општ преглед на активностите**

**Во текот на јули 2025 година, Хелсиншкиот комитет обезбеди бесплатна правна помош за осудени лица во три предмети, и тоа:**

- **Еден предмет: Условен отпуст со заштитен надзор;**
- **Еден предмет: Притворски предмет;**
- **Еден предмет: Работно ангажирање на осудено лице во установата.**

**2. Краток преглед на обезбедени правни услуги**

- **Преглед на законската регулатива и дадени правни совети на осудените/притворените лица и нивните семејства.**
- **Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции.**
- **Обезбедени правни информации, совети и упатувања на странките.**

**3. Заклучоци и препораки**

- **Да се поттикне и да се прошири примената на алтернативни мерки, особено условниот отпуст со заштитен надзор, со цел намалување на пренатрупаноста, подобрување на ресоцијализацијата и рационално користење на ресурсите.**
- **Да се унапреди и да се зголеми разновидноста на работните активности за стекнување практични вештини што ќе помогнат во ресоцијализацијата на осудените лица и полесна интеграција по излегувањето од установата.**

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ЈУЛИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| БПП | 29 | |
| СПП | / | |
| Вкупно | 29 | |
| | Број | Проценти |
| Пол | | |
| Мажи | 16 | 42 |
| Жени | 13 | 58 |
| Етничка припадност | | |
| Македонци | 26 | 835 |
| Албанци | 3 | 65 |
| Роми | 1 | 10 |
| Странци | 1 | 0 |
| Географски региони | | |
| Скопски | 19 | 745 |
| Вардарски | 1 | 3 |
| Полошки | 0 | 0 |
| Пелагониски | 3 | 65 |
| Југозападен | 1 | 0 |
| Североисточен | 0 | 65 |
| Источен | 3 | 3 |
| Југоисточен | 2 | 65 |

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ЈУЛИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Правни области | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Имотно право | 9 | 13 |
| Социјална заштита и | 2 | 65 |
| Заштита на деца | 2 | 65 |
| Пензиско и инвалидско | 1 | 3 |
| Здравствено осигурување и | 1 | 0 |
| Работни односи | 6 | 33 |
| Родово базирано и | 1 | 3 |
| Статусни прашања | 3 | 3 |
| Заштита на човековите | 2 | 19 |
| Други | 2 | 13 |

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СПП - ЗАКОНСКИ ПРЕЧКИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА (ИМОТНО-ПРАВНИ ПРАШАЊА)

Со барање за бесплатна правна помош до Хелсиншкиот комитет се обрати повозрасна жена од Штип, корисник на хуманитарна барака што ѝ била доделена од страна на Општината пред 20 години. Притоа, нејзините права и обврски, односно начинот на користење на бараката не бил регулиран со никаков правен акт (договор, правилник и сл.), но сепак била иселена од страна на Општината поради тоа што бараката била запуштена, не била тековно одржувана и во неа не живеел никој подолг временски период. Врз ваквата погрешно утврдена фактичка состојба, додека барателката била неколку месеци кај својата ќерка во Скопје и на сезонска работа во странство, Општината спровела постапка за иселување на барателката, испразнување на хуманитарната барака и вселување на друго лице. Поинаку кажано, барателката преку ноќ станала бездомно лице, без притоа да добие какво било известување за овие дејства од страна на Општината. Кога отишла да се информира што се случува, ѝ било кажано дека постапката е завршена правосилно со објава на огласната табла на Општината. А кога побарала увид во документацијата на Општината, забележала дека известувањата до неа во врска со постапка за одземање на бараката биле праќани на погрешна (поранешна) адреса на барателката, односно на адресата на која живеела пред 20 години.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СПП - ЗАКОНСКИ ПРЕЧКИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА (ИМОТНО-ПРАВНИ ПРАШАЊА)

Во текот на целата 2025 година, Хелсиншкиот комитет постојано ѝ овозможуваше правна помош на барателката, од Барања за увид и препис на списи, преку Барање за враќање во поранешната состојба, до Барања за инспекциски надзор, имајќи предвид дека Општината ги надмина роковите за одлучување, како во врска со Барањето за враќање во поранешната состојба, така и за жалбата откако беше одбиено ова Барање.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СПП - ЗАКОНСКИ ПРЕЧКИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА (ИМОТНО-ПРАВНИ ПРАШАЊА)

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Законот за бесплатна правна помош содржи сериозен пропуст во делот на условите за одобрување секундарна правна помош за граѓаните во социјален ризик (дури и бездомништво, како во конкретниот случај). Така, согласно членот 22 (со поднаслов: основи за одбивање секундарна правна помош), барањето за секундарна правна помош ќе се одбие доколку станува збор за имотни прашања во управна постапка.

Имено, законодавецот се решил за оваа одредба веројатно имајќи ги предвид илјадниците управни постапки пред општините и Агенцијата за катастар на недвижности, а кои се однесуваат на имотни прашања (како што се, на пример: упис на промени во катастарската евиденција, приватизација, легализација, денационализација, експропријација итн.). Но, во случајов, кога станува збор за управна постапка за иселување лице во социјален ризик од хуманитарна барака, фактичката, но и правната состојба е сосема поинаква, односно навлегува во областа на социјалната заштита за која не важат рестриктивните одредби од членот 22 од ЗБПП.

Поради сето погоре наведено, повторно препорачуваме законски измени во насока на олеснување на условите за одобрување СПП во управна постапка, особено за лицата во социјален ризик чие имотно прашање е поврзано исклучиво со единствениот имот со кој располагаат - нивното живеалиште.